РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-13176/1
13-12-2018 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2019 ГОДИНА



СКОПЈЕ,

декември, 2018 година

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија ("Службен Весник на Р. Македонија бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/2018) и член 20 од Статутот на Јавното Претпријатие за државни патишта, Управниот одбор ја донесе Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година:

## ВОВЕД

Јавното претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на Република Македонија бр.1 од 02.01.2013 година.

Јавното претпријатието е запишано во Централниот регистар на Република Македонија со број ЕМБС 6839673, и истото е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Јавното претпријатие за државни патишта го организира своето работење, планирање, развој и обезбедување приходи врз основа на Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта.

I.

# ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2019 ГОДИНА

Планираните приходи за 2019 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието, утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонреден превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта .

Средствата се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку 4 пати годишно, во интервали од најмногу 3 календарски месеци.

I.1 Во 2019 година се планира да се остварат **приходи** во вкупна вредност од **7.593.000.000 денари**, и тоа:

**I.1.1** Од делот од акцизата од деривати од нафта за 2019 година планирани се **3.100.000.000 денари.**

**I.1.2** Од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објектот на патот (патарина), се очекува приход во износ од **2.750.000.000 денари.** Вкупниот приход по овој основ пресметан е врз база на остварената фреквенција на сообраќајот по видови и категории на возила во 2018 година и остварените приходи од претходните години, од планираните приходи кои треба да се остварат од отварањето на нови наплатни станици и согласно Одлуката за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.89/09) и Одлуката за измена на Одлуката за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.103/14).

**I.1.3** Планираниот приход од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, изнесува **1.700.000.000 денари.** Приходот е планиран и се реализира согласно Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на на РМ" бр.118/09) и

Одлуката за измена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на РМ" бр.103/14), како и врз основа на остварените приходи од претходните години по овој основ.

I.1.4 Другите приходи од работењето во 2019 година се очекува да изнесуваат 43.000.000 денари, а се планира да се остварат од разни надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта и тоа:

- поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
- приклучување на пристапен пат на државен пат,
- поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
- изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
- прекумерно користење на пат,
- вонреден превоз,
- штета сторена на патот и објектите на патот и други.

I.1.5 Графички приказ на планираните приходи за 2019 година




I.2 Во 2019 година се планира да се остварат приливи од странски кредити во вкупна вредност од **10.212.300.000** денари, тоа:

I.2.1 Од Светска Банка за финансирање на проекти се очекува прилив од 1.899.300.000 денари,

I.2.2 Од Европска Банка за обнова и развој се очекува прилив од 3.810.000.000 денари,

I.2.3 Од Европска Инвестициона банка се очекува прилив од 3.000.000 денари, и

I.2.4 Од Ексим банка за 2019 година се планира да се повлечат средства во износ од 4.500.000.000 денари

### I.2.5 Графички приказ на планираните приливи од странски кредити за 2019 година




### I.3 Табеларен приказ на планираните приходи и приливи од странски кредити за 2019 година

| ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ | Вкупно за 2019 година |
|---|---|
| **ПРИХОДИ** | 7.593.000.000 |
| 1. Дел од акциза од деривати од нафта | 3.100.000.000 |
| 2. Патарина | 2.750.000.000 |
| 3. Регистрација (патна такса) | 1.700.000.000 |
| 4. Други приходи од работењето | 43.000.000 |
| **ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ** | 10.212.300.000 |
| 1. Кредит од Светска банка | 1.899.300.000 |
| 2. Кредит од ЕБОР | 3.810.000.000 |
| 3. Кредит од ЕИБ | 3.000.000 |
| 4. Кредит од Ексим Банка | 4.500.000.000 |
| **СЕ ВКУПНО** | 17.805.300.0000 |

## II.

## ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ И ТРОШОЦИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2019 ГОДИНА

Во 2019 година за инвестиции и трошоци планирано е да се потрошат средства во вкупен износ од 17.805.300.000 денари.

- Табеларен приказ на планираните инвестиции и трошоци за 2019 година

| ИНВЕСТИЦИИ И ТРОШОЦИ | Вкупно за 2019 година |
|---|---|
| **I. ИНВЕСТИЦИИ** | **13.116.800.000** |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **2.904.500.000** |
| Градба, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и други работи | 1.054.500.000 |
| Сопствено учество на проектите финасирани од Ексим банка | 614.000.000 |
| Инвестиционо одржување на патишта | 550.000.000 |
| Експропријација | 200.000.000 |
| Проектирање и технички надзор на градежните работи | 478.700.000 |
| Опрема и софтвер | 7.300.000 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **10.212.300.000** |
| **II. ТРОШОЦИ** | **4.688.500.000** |
| Трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво | 21.000.000 |
| Услуги за одржување на патишта, одржување на објекти и опрема, комунални услуги и др. | 979.000.000 |
| Плата и други надоместоци за вработените | 265.000.000 |
| Трансфер кон ЕЛС за одржување на општински патишта и улици | 300.000.000 |
| Даноци, повраток на с-ва од регистрација, банкарски провиз и останати трошоци | 266.500.000 |
| Камати од земени кредити од странски кредитори | 706.000.000 |
| Отплата на главнина на странски кредити | 2.151.000.000 |
| **ВКУПНО** | **17.805.300.000** |

➢ Графички приказ на планираните инвестиции и трошоци во 2019 година



II.1 Јавното претпријатие во 2019 година планира да потроши средства за инвестиции во вкупна вредност од **13.116.800.000 денари,** и тоа:

**II.1.1** За инвестиции со сопствени средства предвидени се **2.904.500.000 денари.**

**II.1.1.1** За градба, рехабилитација, реконструкција, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и други работи планирани се **1.054.500.000 денари.**

Овие средства предвидени се за реализација на следниве проекти:

- Довршување на активности на делницата Сончев град,
- Продолжување со изградба на делницата Опае - Белановце - Станчиќ,
- Рехабилитација на Регионален пат Ропалце - Матејче - Липково,
- Рехабилитација на државен пат А2 делница Колари – Кичево,
- Поправка и рехабилитација на државен пат Р1107, Транзитен дел низ Кавадарци,
- Рехабилитација на државен пат Р1309, делница Кочани – Пониква,
- Рехабилитација на сообраќајна возна лента на државен пат А1, делница Велес (Штипска клучка) - Градско (Наплатна станица) и Градско (Наплатна станица) - Велес (Штипска клучка),
- Рехабилитација на државен пат Р1208, делница Охрид - Подмоље (кружен тек Евро хотел),
- Рехабилитација на државен пат Р2342, делница Тркање – Пишица,
- Рехабилитација на државен пат Р1310, делница Радовиш – Подареш,

- Рехабилитација на државен пат, обиколница на Скопје (клучка Стајковци - клучка Мирковци) - возна и брза лента,
- Рехабилитација на државен пат, обиколка на Битола и санација на свлечиште втора фаза,
- Рехабилитација на државен пат Р1102, делница Негорци - Гевгелија,
- Рехабилитација на државен пат Р1310, Берово - ГП Клепало,
- Санација и рехабилитација на државен пат А1, делница Неготино – Демир Капија,
- Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика „Вевчанка – Здравствен дом Вевчани,
- Рехабилитација државен пат 1301, делница Охрид кај бензиска пумпа (Туристичка лев коловоз и десен коловоз) – Коњско,
- Рехабилитација на државен пат делница Сарај - Групчин,
- Рехабилитација на државен пат делница Петровец - Миладиновци и Кадино - Хиподром,
- Рехабилитација на државен пат Р1301, делница транзит низ Охрид - десен и лев коловоз,
- Рехабилитација на државен пат делница, спој со Р1205 - Злетово – Пробиштип,
- Рехабилитација на државен пат Р1208, делница Подмоље (Кружен тек Евро хотел) - Радожда,
- Рехабилитација на државен пат Р1204 делница Кадрифаково – Штип,
- Осветлување на раскрсници, клучки, мостови, тунели на државни патишта,
- Поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А3 делница Буково – Охрид,
- Изградба на мост бр.5, р.Луда Мара на државен пат Р1107,
- Изградба на мост бр.2, р.Бабуна, Богомила на државен пат Р2336,

- Изградба на мост на државен пат Р2136 на р.Пчиња кај Коњаре,
- Рехабилитација Битола – Новаци,
- Рехабилитација на државен пат Р2235 делница Маврово - Никифорово,
- Рехабилитација на државен пат Р1312 делница Прилеп - Прилепско езеро,
- Изградба на државен пат Р1402 делница С.Коњареo - Н.Коњарево,
- Реконструкција на бетонски коловози на НС Коридор 8,
- Градба на нов автопат излез од с.Блаце до граница Блаце,
- Рехабилитација на државен пат Р1302 делница Берово-Струмица,
- Рехабилитација делница Гостивар (мост с. Здуње) - до с. Колари,
- Санација на мостови на државен пат А2 Гостивар (мост кај с.Здуње) до с.Колари
- Санација на горен строј на мостови,
- Санација на свлечиште на државен пат А3, Обиколница на Битола
- Санација на свлечиште Магарево одморалиште Пелистер,
- Санација на мост над Железница на регионален пат Р1103, делница Лакавица – Неготино,
- Градежно санациони работи на мост бр.2, р. Коселска на А3 (Подмоље - Охрид),
- Градежно санациони работи на мост на р. Вардар кај Сарај, на А2 (Скопје - Групчин),
- Градежно санациони работи на мост р.Вардар кај Удово,
- Санација на мост над река вардар на регионален пат Р1103, делница Лакавица - Неготино (Пепелиште),
- Пошумување на косини за заштита од ерозија на автопат Миладиновци - Штип,

- Поставување заштитна ограда на обиколница Битола,
- Поставување заштитна ограда од бучава на државни патишта,
- Поставување заштитни мрежи на косини на државни патишта,
- Санација на мост бр.1 Лакавица,
- Санација на свлечиште Кратово - Пробиштип
- Санација на свлечиште Струга – Радожда Елен камен,
- Санација на свлечиште Маврово – Галичник
- Планирани рамковни спогодби за рехабилитација на следниве патни правци:
- Бицево-Долно Татеши-Ново Село-Мислодежда
- Спој Р1202-Лабуниште-Бороец-Јабланица
- Вевчани-Октиси-Шум-спој А2
- Јегуновце-Желино (проект и реконструкција)
- Прилеп-Тополчани-Битола
- Крушево-Слива-Пуста река
- Марена-Кавадарци
- Мушов гроб-Мајдан
- Стар Дојран-граничен премин
- Фурка-Раброво (раскрсница Раброво-Валандово)
- Радовиш-Струмица
- Струмица-Берово
- Немањица-Мечкуевци (проект и реконструкција)
- Младо Нагоричане-Пелинце
- Сопиште-Долно Соње
- Изградба на регионален пат Р2246 делница Бошков мост (Гарски мост) – Извор (доколку се обезбедат средства надвор од буџетот на ЈП за државни патишта)
- и други проекти

II.1.1.2 За сопствено учество во проектите финансирани со кредити од Ексим банка, кое се однесува на сопственото учество во висина од

10% за патниот правец Кичево-Охрид и помал дел за патниот правец Миладиновци-Штип, како и учество во висина од 15% за предвидените дополнителни средства кои треба да се обезбедат од заем од Ексим банка за завршување на патната делница Кичево-Охрид предвидени се вкупно 614.000.000 денари.

II.1.1.3 За инвестиционо одржување на патиштата предвидени се **550.000.000 денари**, кои ќе се реализираат преку Договорот со ЈП Македонијапат, предвидени во Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2019 година;

II.1.1.4 За експропријација на земјиште, објекти, шуми, насади и поседи на делниците кои се планираат за изградба во текот на 2019 година, планирани се 200.000.000 денари;

II.1.1.5 За изработка на проектна документација и надзор над градежните работи на државните патишта, предвидени се средства во износ од **478.700.000 денари**. Оваа позиција ги опфаќа трошоците за изработка на физибилити студии, инфраструктурни проекти, студии за животна средина, основни проекти и други делови на инвестиционо - техничка документација, како надзор и над изградбата и одржувањето на патиштата. Во 2019 година се планира изработка на проектна документација за следниве делници:

- Автопат Велес-Прилеп
-Експресен пат делница Битола-Меџитлија со обиколница на Битола
-Реконструкција и рехабилитација на делница Тетово-Гостивар на ниво на стандарден автопат
-Автопат Прилеп-Битола
-Изградба на автопат делница Гостивар-Букојчани
-Изработка на основен и инфраструктурен проет за делница Букојчани - Кичево

-Автопат делница Струга-Ќафасан

-Струмица-Валандово - спој со А1

-Реконструкција на државен пат Р2234 делница Кондово-Радуша

-Реконструкција на делница Струмица – Дабиље

-Рехабилитација на државни патишта финансирани од ЕБОР

-Рехабилитација на патни делници Хиподрум – Миладиновци, Миладиновци – Петровец и Птеровец – Хиподрум

-Обиколница на Ресен

-Рехабилитација на делница Охрид – Свети Наум

-Експресен пат делница Струмица – граница со Р. Бугарија

-Делница Романовце – Страцин на ниво на експресен пат

-Делница К.Паланка – граница со Р. Бугарија на ниво на експресен пат

-Државен пат А4 на ниво на експресен пат делница Радовиш – Струмица

-Изработка на проектна документација за наплата на патарина (затворен систем) на делница Демир Капија – Смоквица и за проширување наплатна станица Миладиновци

-Проектна документација за санација на свлечишта на делниците: С.Вода – Кожуф, Претор – Маркова нога, регионален пат делница Велес – Градско (транзитен дел низ Велес), Лабуниште – Јабланица, Цепиште – Требишта, Регионален пат делница Охрид – Свети Стефан, делница Мелничани – Горенци (Центар Жупа) и други.

- Изработка на проектна документација за мост бр.3 делница Лакавица – Неготино и санација на мост бр.1 над река Пчиња кај с. Драгоманце, клучка Требош на државен пат А2

-Изработка на проектна документација за поврзување на идниот автопат А4 делница Миладиновци – Штип со регионален пат Р2136, спој на експресен пат А2 делница К.Паланка – спој со постоен магистрален пат,

-И други проекти

II.1.1.6 За набавка на опрема и софтвер планирани се 7.300.000 **денари.**

**II.1.2** За инвестиции од странски кредити предвидени се 10.212.300.000 **денари**, и тоа финансирани од: Светска Банка, Европска Банка за обнова и развој, ЕИБ и Ексим Банка.

II.1.2.1 Кредити од Светска банка во износ од **1.899.300.000** денари, за следниве проекти:

- Со Проектот за подобрување на магистрални и регионални патишта, финансиран од Светска Банка, ќе се рехабилитираат магистрални и регионални патишта и други проекти и тоа:
  - Рехабилитација на 12 државни патишта: Младо Нагоричане – Пелинце, Куманово - Свети Николе, Тетово - Попова Шапка, Јурумлери – Драчево, Битола - Демир Хисар, Драчево - Орешани – Таор, Делчево – Звегор, Делчево – Пехчево, Берово – Виница, Струмица - Ново Село, Кавадарци – Росоман и Фурка - Богданци – Гевгелија,
  - Рехабилитација на државен пат А3 делница Кочани-Делчево,
  - Санација на свлечишта Лот1 Тетово-Попова Шапка, Маврово-Дебар, Гостивар-Кичево,
  - Санација на свлечишта Лот2 Лакавица-Неготино, Делчево-Берово, Битола-Новаци,
  - Набавка, инстализација и одржување на бројачи на сообраќај,
  - RAMS софтвер и консултантски услуги,
  - Санација на црни точки, подобрување на безбедноста на патиштата и слично
  - Независна техничка ревизија

- Со Проектот за унапредување и развој на патиштата, финансиран од Светска Банка, ќе се финансира:

  - Изградба на експресен пат Ранковце - Крива Паланка

  - Избор на консултант за воспоставување на систем за менаџирање со мостовите на патната мрежа на ЈП за државни патишта

II.1.2.2 Кредити од Европска Банка за обнова и развој во износ од 3.810.000.000 денари, за следниве проекти:

- Со Проектот за регионални и општински патишта, финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се финансира:

  - Рехабилитација на Велес – Кадрифаково,

- Проектот за Коридор 10 за воведување електронски систем за наплата на патарини и изградба на нови наплатни станици на новоизградените автопатски делници, финансиран со заем од ЕБОР.

- Со Проектот – Програма за национални патишта, финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се финансираат:

  - Изградба на експресен пат Градско - Прилеп, делница Фаришка и Дреновска клисура,

  - Изградба на експресен пат Штип – Кочани,

  - Воведување дигитална архива,

  - ИТ Стратегија за Имплементација и градење на капацитети

  - Изработка на проекти за рехабилитација на државни патишта: Штип – Радовиш, Крива Паланка – Ранковце, Куманово – Опае, Никуштак – Куманово.

  - Рехабилитација на 26 државни патишта: Обиколница на Кочани, Пробиштип – Крупчиште, Катланово – Петровец (2 коловоза), Маврови Анови – Жировница, Миладиновци – Петровец, Хиподром – Петровец, Миладиновци – Хиподром, Фаришка клисура – Прилеп, Штип – Радовиш (стар пат), Кривогаштани – Крушево, Карпалак – Желино, Крива Паланка – Ранковце (стар пат), Скопје –

Блаце, Подмоље – Струга – Ќафасан, Куманово – Свети Николе, Битола – Меџитлија, Битола – Демир Хисар, Крушево – Демир Хистар, Катланово – Велес, Куманово – Опае, Велес – Градско – Неготино – Демир Капија (стар пат), Никуштак – Куманово, Другово – Демир Хисар, Македонска Каменица – Саса, Кичево – Македонски Брод и Узем – Тораница.

- И други проекти

- Со Проектот финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се гради експресен пат на патниот правец Штип – Радовиш.
- Со Проектот финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се реконструира и рехабилитира патниот правец К.Паланка - Деве Баир
- И други проекти

II.1.2.3 Со Кредит од ЕИБ ќе се финансира консултантски услуги за Коридор 10

II.1.2.4 Кредит од Ексим Банка во износ од **4.500.000.000 денари**, за финансирање на:

- Изградба на автопат Миладиновци – Свети Николе – Штип,
- Изградба на автопат Кичево – Охрид

## II.1.3 Графички приказ на планираните инвестиции во 2019 година






II.2 Во 2019 година планирани се трошоци во вкупна вредност од **4.688.500.000 денари, и тоа:**

II.2.1 За трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво планирани се вкупно 21.000.000 денари. Овие трошоци се однесуваат за набавки на потрошен материјал за принтери и копири, ролни за фискални каси на наплатни станици, парагон билети, фотокопирна хартија, гориво за агрегати и за службени возила, ХТЗ опрема за вработените на наплатни станици, средства за хигиена и други трошоци.

II.2.2 За услуги за одржување на патишта, одржување објекти и опрема, комунални и други услуги планирани се вкупно **979.000.000 денари.** Најголем дел од овие средства (750.000.000 денари) се однесуваат за одржување на патиштата, преку договор со ЈП Македонијапат. Покрај одржување на патиштата во оваа ставка спаѓаат и услуги за одржување на згради, објекти, софтвер и опрема (лифтови, фотокопири и принтери, клима, возила, агрегати, ПП централа, ПП апарати и испитување на громобранска инсталација, фискални печатари, систем за видео надзор и комуникациска опрема на НС и гранични премини, систем за наплата на патарини и слично), комунални услуги, услуги за хигиена, електрична енергија, провизија за Здруженијата за технички преглед, адвокатски, нотарски, трошоци за извршители и др. услуги.

II.2.3 За плата и други надоместоци за вработените (утврдени во согласност со Закон, подзаконски акти, колективни договори, акти на претпријатието и слично) планирани се вкупно **265.000.000 денари.** Овие средства се предвидени за исплата на бруто плата и разни надоместоци за вработените.

II.2.4 За трансфер кон ЕЛС за реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, планирани се средства во износ од **300.000.000 денари.** Средствата се трансферираат кон Единиците на локалната самоуправа по доставена програма за тековната година и извештај за работењето од претходната година.

II.2.5 За плаќање на даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето планирани се **266.500.000 денари.** Во оваа група спаѓаат: плаќање на данок на добивка, аконтативни месечни исплати по истиот и ДДВ (150.000.000 денари), повраток на средства од регистрација на моторни и приклучни возила кои вршат меѓународен транспорт (72.000.000 денари), банкарски провизии (28.000.000 денари), како и останати трошоци кои произлегуваат од секојдневното работење (осигурување на вработени и имот, транспорт на вработени, систематски преглед, експресно пренесување на пратки, надоместоци за членови на УО и НО и сл.)

II.2.6 Отплата на камата за земени кредити од странски кредитори. Во 2019 година за оваа ставка предвидени се средства во износ од **706.000.000 денари.**

II.2.7 Јавното претпријатие во 2019 година по основ на отплата на главница за странски кредити ќе исплати средства во вкупна вредност од **2.151.000.000 денари.**

### II.2.8 Графички приказ на поединечните трошоци во вкупно планираните за 2019 година



III.

Оваа програма стапува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе почне да се применува по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

- ПРЕТСЕДАТЕЛ -

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ